

## Разговарајте еден-на-еден со луѓе кои ги разбираат вашите потреби.

*Direct2Care* има вработено искусни службеници за поддршка кои ќе разговараат со вас еден-на-еден и ќе ви помогнат да одлучите што е правилно за вас. Тогаш ќе ги контактираат службите што ви се потребни, а тие потоа ќе ви се јават.

## Помош за постарите Австралијанци да живеат поисполнет и понезависен живот

*Direct2Care* е создадена за да им помага на постарите лица од Викторија да ги пронајдат и да пристапат до службите кои им се потребни за да живеат поисполнет, понезависен живот во познатото опкружување на нивните сопствени домови.

Тоа се добри вести не само за оние кои ги користат услугите, туку и за нивните негуватели, вклучувајќи го семејството и пријателите на кои може да им притреба дополнителна помош.

Можете да ги посетите нашите канцеларии на:

Wantirna South:
Knox O-Zone (над Centrelink)
Level 1, Suite 3034
2 Capital City Boulevard

Во Ballarat:
907 Sturt Street



## Услуги за нега на постари лица кои се достапни преку *Direct2Care*

Следуваат некои од услугите достапни во вашата област со кои Direct2Care може да ве поврзе:

- Помош во домот околу чистење или одржување на домаќинството
- Помош при туширање и облекување
- Нега на постари лица (нега на постари лица во заедницата, домашна нега на постари лица)
- Здружени здравствени служби (физиотерапија, нега на стопала, совети за исхрана итн.)
- Служби за храна (испорака на готови оброци и оброци во центри)
- Организирани групи со активности за социјална поддршка
- Помагање за основно одржување на домот
- Услуги за олеснување во негата
- Пријателски посети/служби за превоз обезбедени од волонтери
- Поддршка за негувателите на лица со деменција
- Програми за спречување на паѓање
- Услуги за нега на видот
- Услуги за правно застапување
- Шема на помагала за одржување контрола при мокрење

Доколку сакате да го добиете ова издание во формат што вам ви одговара, ве молиме јавете се на 9096 9977 преку Националната служба за поврзување на 13 36 77 доколку тоа е потребно, или пратете ѝ електронска порака на christine.adams@dhs.vic.gov.au.

Овој документ е исто така достапен во Pdf формат на Интернет на www.health.vic.gov.au/agedcare

Australian Government
Department of Health and Ageing

Victoria
The Place To Be

Authorised by the Victorian Government, Melbourne.
Printed by Soverign Press, 6 Traminer Court, Wendouree.
October 2008 (0230908)



# ДАЛИ ВИ Е ПОТРЕБНА ПОДДРШКА ВО НЕГАТА ЗА ПОСТАРИ ЛИЦА ВО ДОМОТ?

# НИЕ ЌЕ ПОМОГНЕМЕ ДА ВЕ ПОВРЗЕМЕ СО СЛУЖБИТЕ КОИ ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.



Direct2Care
One-to-one aged care advice

**1300 121 121**

# ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА Direct2Care

Не сте сигурни какви служби за нега на постари лица постојат? Не сте сигурни на какви услуги имате право? Можеби ги знаете, но не знаете како да ги пронајдете.

Сега можете да се јавите во Direct2Care.

Како нова служба на владите на Австралија и Викторија, Direct2Care може да ви даде совети за, и да ве поврзе со локалните служби за нега на постари лица кои може да ви помогнат да останете да живеете во својот дом. Тие служби може да вклучат сè, од помош во домот и испорака на готови оброци, до физиотерапија и олеснување во негата.



## Пример 1

Откако Maud, нејзината многу независна мајка, паднала додека правосмукала, Louise се прашува дали е време да ја испрати Maud во дом за нега на постари лица. Таа се јавила во Direct2Care за да поразговара за ситуацијата.

Откако разговарале со Maud, Direct2Care организирале да ја посети тимот за проценка за домашна нега и нега во заедницата при локалната општина и да разговараат со неа за нејзината ситуација. Тие работеле со неа да ги поедностават некои од работите во домаќинството што ѝ причинуваат потешкотии и замениле дел од опремата што таа ја користи.

Тие организирале Maud да посетува група за дружење што редовно се сретнува, каде што таа исто така може да учествува во тренирање на нејзината физичка сила. Direct2Care ѝ организирале да учествува во програма за спречување на паѓање во Локалната Служба за здравје во заедницата. Како резултат на тоа, Maud е способна да остане независна и активна во нејзиниот сопствен дом.



## Пример 2

Откако разговарал со Bill, неговиот постар сосед, Robert дознал дека откако починала жената на Bill, тој се мачел да си приготвува храна и ослабувал. Robert предложил тој и Bill да го посетат центарот на Direct2Care. Во разговорот со Bill, вработените во Direct2Care исто така откриле дека тој на два пати почуствувал несвестица и паднал.

Direct2Care предложиле Bill да направи комплетен медицински преглед. Тие исто така организирале Bill да ја посети Службата за здравје во заедницата и да разговара со советник за исхрана околу некои начини на кој може да научи некои основни готвачки вештини. Direct2Care го поврзала Bill со програма за спречување на паѓање и со една локална група за пешачење, каде што тој стекнува нови пријатели.

## Пример 3

Harold се мачел дома да се грижи за неговата изнемоштена жена Sally. Таа се губела и имала проблеми со одржување на контролата при мокрење. Здравјето на самиот Harold не било добро, и тој се чувствувал и преоптоварен од неговата ситуација и крив што не може повеќе да се грижи за својата жена. Тој се јавил во Direct2Care.

Откако разговарале со Harold, Direct2Care организирале тимот за проценка на грижата за постари лица да ги посети него и Sally и да поразговараат со нив околу опциите за нега за Sally. Direct2Care откриле дека Harold многу сака да игра шах, но дека не играл веќе некое време. Harold бил поврзан со една локална група за играње шах.

**Потребен е само еден повик.**

Можете директно да се поврзете со Direct2Care преку само еден повик. Доколку ви се потребни услуги за грижа на постари лица и не знаете како да ги најдете, само јавете се на **1300 121 121**. Исто така, можете да ги посетите нашите канцеларии во трговскиот центар Knox O-Zone, Wantirna South или на 907 Sturt Street, во Ballarat.